Australian Government

Aged Care Quality and Safety Commission

[Insert name of Home]

[Insert Racsid of Home]

Проценители на квалитетот на негата од Aged Care Quality and Safety Commission (Комисијата) ќе не посетат за да го проверат квалитетот на негата и услугите во [Home Name]

Оваа проценка се вика инспекција на местото. Инспекцијата нема да биде најавена, така да службата нема да знае кој ден или недела таа ќе се направи.

Кога проценителите на квалитетот на негата ќе го посетат домот, вие (или лице што ве застапува) ќе имате можност да разговарате со проценител за квалитетот на вашата нега и услуги.

Вие (или лице што ве застапува) исто така можете да дадете информации пред да се направи инспекцијата. Тоа можете да го направите ако телефонирате во Комисијата на **1800 951 822 (притиснете на опцијата 2)** или ако пополнете онлајн анкета од Комисијата.

Анкетата содржи прашања за вашето искуство околу квалитетот и безбедноста во службата за нега на постари лица што ја користите. Анкетата можете да ја најдете на следната адреса: **https://www.agedcarequality.gov.au/consumer-feedback.** За да ја отворите анкетата, користете ја шифрата [Insert Home Racsid]

Комисијата ја почитува доверливоста на вашите податоци и нема да ни даде поединости за тоа што сте разговарале со нив, освен ако се согласувате на тоа, или ако тие се многу загрижени за вашата нега.

Проценителите на квалитетот на негата ќе ги користат вашите лични податоци и коментари кога ќе прават инспекција на местото, како и при подготвување на нивниот извештај за квалитетот на негата и услугите кои се нудат тука.

За информации во врска со правилникот на Комисијата за доверливо чување на податоци и како таа го спроведува тоа, ве молиме посетете ја веб-страницата на Комисијата на agedcarequality.gov.au или јавете се во Комисијата на **1800 951 822**.

Ако ви треба помош од преведувач, ве молиме јавете се во Translating and Interpreting Service (TIS) (Служба за писмено и усмено преведување – TIS) на **131 450** и побарајте да ве поврзат со Aged Care Quality and Safety Commission.